ROMACTED
Promoting good governance and Roma empowerment at local level

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО АКЦИЈА ЗА ПОДДРШКА - ДООФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ЛИЦА РОМИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA MAKEDONIJA
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-KOMUNA ŠUTO ORIZARI
ГРАДОНАЧАЛНИК - DIZJAKORO ŠERUTNO
09-113/3
20.02. 2023 год.
СКОПЈЕ-SKOPJE

Општина Шуто Оризари објавува јавен повик учество во акција за дооформување на средно образование за возрасни лица Роми од Општина Шуто Оризари. Оваа активност се имплентира како дел од акцијата „Пост КОВИД 19 мерки за превенција и опоравување во образованието за деца и возрасни„ финансирана во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, РОМАКТЕД Програмата Фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво„

**Краток опис на акцијата**

Оваа акција има за цел директно да го промовира и унапреди образовното ниво на дел од ромската заедница во Општина Шуто Оризари со цел да им овозможи на Ромите да бидат конкуректни и да им го олесни пристапот на пазарот на труд.

Целта на повикот е да се обезбеди формална диплома за завршено средно образование за возрасни Роми кои го немаат комплетирано своето средно образование.

Со оваа активност ќе бидат опфатени 20 - 25( дваесет до дваесет и пет) возрасни Роми кои имаат завршено тригодишно средно образование или на кои им недостасува уште една година за да се стекнат со диплома за завршено средно образование.

Дооформувањето на образованието треба да биде спроведено во временски период од април до декември 2023 година.

Избраните кандидати ќе се стекнат со диплома за завршено средно образование.

## ГЕНЕРАЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОВИКОТ

1. Лица со лична карта и адреса на живеење на територија на Општина Шуто Оризари
2. Лица кои немаат завршено 4-годишно средно образование, односно 4та година од средно образование
3. Лицата да бидат на возраст од 18 до 45 години
4. Лицата да бидат припадници на ромската заедница

*Се охрабруваат жените и девојчињата Ромки да аплицираат.*

Co-funded by the European Union
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Co-funded and implemented by the Council of Europe

ROMACTED
Promoting good governance and Roma empowerment at local level

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

Заинтересираните кандидати да ги доставaт следните документи:

1. Пополнета Пријава (пријавата е прикачена заедно со јавниот повик)
2. Копија од лична карта
3. Копија од завршени свидетелства за 1ва, 2ра и 3та година средно образование
4. Лична изјава за припадност на ромска заедница (во прилог да се пополни)

**Комплетната документација може се достави на три начини:**

- во архивата на општината во затворен коверт со долунаведена назнака
- препорачано по пошта на следната адреса: (ул Хаџи Јован Шишко бр 36) во затворен коверт со долунаведена назнака
- или електронски на следната е-маил адреса: **(i_ibrahimi@yahoo.com)** со долунаведена назнака

**Крајниот рок за доставување на документацијата е пет дена од денот на објавување на огласот на веб страната на општината, односно најдоцна до (10.03.2023) со назнака: „ ЈАВЕН ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО АКЦИЈА ЗА ПОДДРШКА - ДООФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ЛИЦА РОМИ "-РОМАКТЕД ПРОГРАМА**

**Ненавремената и некомплетната документација нема да се разгледува и истата нема да влезе во конкуренција со останатите пријави.**

За сите дополнителни прашања и информации можете да не контактирате на следниот број: (070 285 - 344) секој работен ден од 10:00 до 12:00 часот. Лице за контакт (Ибрахим Ибрахими)

*Трошоците за комплетирање на средното образование ќе бидат покриени од страна на Општината во рамки на акцијата „Пост КОВИД 19 мерки за превенција и опоравување во образованието за деца и возрасни„ финансирана во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, РОМАКТЕД Програмата Фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво„*

Co-funded by the European Union
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Co-funded and implemented by the Council of Europe